Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18 - 478/2 10-02-2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Фондација за интернет и општество Метаморфозис, ул. „Франклин Рузвелт" бр. 19, кат 2, 1000 Скопје, поднесено на 06.02.2026 година по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на Фондација за интернет и општество Метаморфозис, е доставено Барање во електронска форма. Со барањето се побарани следните податоци:

„1.Вкупен број на добиени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во период од 1.1.2025 - 31.12.2025;

2. Вкупен број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во период од 1.1.2025 - 31.12.2025 на кои е одговорено во законски рок од 20 дена;

3. Вкупен број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во период од 1.1.2025 - 31.12.2025 на кои е:

- одобрен пристап до информации;
- делумно одобрен пристап до информации;
- одбиен пристап до информации:

4. Вкупен број на вложени жалби од барателите против Вашата институција за периодот од 1.1.2025 - 31.12.2025 по постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер, и поединечно број на вложени жалби во случаите кога имало:

- одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;

-непостапување по барањето, односно неодговорени барања (молчење на администрацијата);

-вложени жалби против првостепените одлуки од Вашата институција ( со опис на Вашата одлука, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација). "

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма, и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

По поднесеното барање, Министерството за локална самоуправа, ги доставува следните информаци:

1. Во периодот од 1.1.2025 - 31.12.2025 година, Министерството за локална самоуправа има добиено 12 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.
2. На сите 12 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер е одговорено во законскиот рок од 20 дена.
3. На сите 12 барања е одобрен целосен пристап до бараните информации од јавен карактер.
4. Во истиот период нема вложено жалби од Баратели против Министерството за локална самоуправа, по ниту еден основ.

(Во Прилог ви го доставуваме Годишниот извештај на Министерството за локална самоуправа до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за 2025 година.)

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението. Решено во Министерството за локална самоуправа на ден 06.08.2025 година

МИНИСТЕР
М-р Златко Перински

Службено лице:
М-р Ели Чакар

Одобрил:
Државен секретар
М-р Јулијана Павковска Боцевска